Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 4 јануари 2020 година

Скопје, јануари 2020 година

## З А П И С Н И К
## од Првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 јануари 2020 година

Седницата започна во 11:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, д-р Рашела Мизрахи, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Хусни Исмаили, министер за култура, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог за определување на заменици на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

2. Предлог за именување на претседатели и членови на основните комисии на Владата на Република Северна Македонија

3. Предлог за именување на претседатели и членови на посебните комисии на Владата на Република Северна Македонија

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

1. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија од редот на избраните министри ги определи:

- м-р Радмила Шекеринска Јанковска, за заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана,

- Мила Царовска, министер без ресор, за заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,

- д-р Бујар Османи, министер без ресор, за заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања и

- Садула Дураки, за заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

2. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија од редот на министрите без ресор ги определи:

- Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност,

- Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора,

- Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции,

- Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции,

- Бардул Даути, министер без ресор задолжен за странски инвестиции,

- Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите и

- Хисен Цемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

## Точка 2

1. Владата за претседател и членови на Комисијата за економски систем и тековна економска политика ги именува:

а) за претседател:
- Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

б) за членови:
- д-р Нина Ангеловска, министер за финансии,
- м-р Крешник Бектеши, министер за економија,
- Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање
- м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски,
- Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Рашела Мизрахи, министер за труд и социјална политика
- Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции,
- Хисен Цемаили министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и
- Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

2. Владата за претседател и членови на Комисијата за политички систем ги именува:

а) за претседател:
- м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана.
б) за членови:
- д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања,
- Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,
- д-р Рената Дескоска, министер за правда,
- м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи,
- Наќе Чулев, министер за внатрешни работи,
- Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација,
- Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и
- Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите.

3. Владата за претседател и членови на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој ги именува:

а) за претседател
- д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања.

б) за членови:
- Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,
- д-р Нина Ангеловска, министер за финансии,
- д-р Венко Филипче, министер за здравство,
- д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука,
- Рашела Мизрахи, министер за труд и социјална политика,
- Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација,
- Горан Милевски, министер за локална самоуправа и
- Хусни Исмаили, министер за култура.

**<u>Точка 3</u>**

1. Владата за претседател и членови на Комисијата за именување ги именува:

а) за претседател:
- Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

б) за членови:
- Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците;
- Нина Ангеловска, министер за финансии,

- Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- д-р Венко Филипче, министер за здравство,
- Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и
- Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација.

2. Владата за претседател и членови на Комисијата за станбени прашања ги именува:

а) за претседател:
- м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски.

б) за членови:
- Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,
- Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,
- д-р Венко Филипче, министер за здравство,
- Горан Милевски, министер за локална самоуправа,
- Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите и
- Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3. Владата за претседател и членови на Комисијата за приватизација ги именува:

а) за претседател
- Крешник Бектеши, министер за економија.

б) за членови:
- м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски,
- Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација,
- Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и
- д-р Венко Филипче, министер за здравство.

## Точка 4

**1.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, ги информираше членовите на Владата дека донесе решение за именување на:

- Весна Марашевиќ за шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**2.** Владата донесе Решение за именување членови на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи со кое:

а) за членови се именуваат:
- м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана
- Наќе Чулев, министер за внатрешни работи
- д-р Венко Филипче, министер за здравство

- м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски
- м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи
- м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и раководител на Групата за процена.

б) за раководител на Управувачкиот комитет се определува м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана.

Точка 5

**1.** Владата за генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија го именува д-р Драги Рашковски, досегашен генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**2.** Владата за заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија го именува Тахир Хани, досегашен заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски ги информира членовите на Владата за донесената Одлука за изменување на Одлуката за формирање на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија.

**4.** Владата донесе Решение за назначување на Национален ИПА координатор (НИПАК) за управување со претпристапните фондови ИПА и ИПА II од Европската Унија за Република Северна Македонија.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |